## Комитет на министри

Комитетот на министри е тело на Советот на Европа кое носи одлуки. Тоа е составено од министрите за надворешни работи на сите земји членки или нивните постојани дипломатски претставници во Стразбур. Тоа претставува владино тело од една страна каде може на еднаква основа да се дискутираат националните пристапи кон проблемите со кои се соочува европското општество, но и колективен форум каде се формулираат европските реакции на тие предизвици. Во соработка со Парламентарното собрание, тоа тело е главен заштитник на основните вредности на Советот, и ја следи усогласеноста на земјите членки со нивните потфати.

Комитетот остварува средби на министерско ниво еднаш во годината, во мај или во ноември. Овие средби, познати како "сесии", вообичаено се одржуваат во Стразбур и траат еден цел ден или два дена по пола ден.

Иако поголемиот дел од секоја сесија вообичаено е посветен на политички дијалог, министрите може да дискутираат за сите прашања од взаемен интерес со исклучок на националната одбрана.

Иако записниците од сесиите се доверливи, на крајот на секоја средба се издава финално комунике. Исто така, министрите може да издадат една или повеќе декларации.

Сесиите се спроведуваат согласно на деловникот на Комитетот на министри (5th rev. ed. 2005). Вообичаено, тие се одржуваат во салата за состаноци на Комитетот на министри.

Комитетот на министри има тројна улога:

како место за владите што им овозможува да ги искажат на еднаква основа своите национални пристапи кон проблемите со кои се соочуваат општествата во Европа;

како колективен форум каде се разработува европскиот одговор на овие предизвици;

како заштитник, заедно со Парламентарното собрание, на вредностите за кои постои Советот на Европа.

Работата и активностите на Комитетот на министри вклучуваат:

· **Политички дијалог**

· **Интеракција со Парламентарното собрание**

· **Интеракција со Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа**

· **Прием на нови држави членки**

· **Мониторинг на почитувањето на обврските од страна на државите членки**

**· Склучување на конвенции и договори**

**· Усвојување на препораки за државите членки**

**· Усвојување на програма и буџет на Советот на Европа**

**· Имплементација на програми за соработка и помош**

**· Надзор врз извршувањето на пресудите на Европскиот суд на човекови права**

Согласно на член 46 од Конвенцијата, според измените со протоколот бр. 11, Комитетот на министри го надгледува извршувањето на пресудите на Европскиот суд на човекови права. Оваа работа се спроведува главно на четири редовни состаноци (DH/HR средби) секоја година. Документацијата за тие средби е во форма на анотирана агенда и листа на точки кои ќе се разгледуваат.Содржината на овие документи е јавна, како што се генерално и одлуките кои се носат за секој случај. Основната функција на Комитетот на министри е да обезбеди дека државите членки постапуваат согласно на пресудите и одредени одлуки на Европскиот суд за човекови права. Комитетот го комплетира секој од случаите со усвојување на конечна резолуција. Во некои случаи, привремените резолуции може да се покажат за соодветни. Двата типа на резолуции се јавни.